СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ
И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04-147/12
27.07 20 18 год.

Врз основа на член 48 став 4 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), како и Правилникот за систематизација на работните места во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија со бр. 01-88/2 од 03.02.2016 година, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 04-147/12
## за унапредување на административни службеници во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија објавува Интерен оглас за унапредување на 2 (двајца) административни службеници за следниве работни места:

1. **СНР101В03002 Соработник за лиценцирање и општи и административни работи,** Одделение за за лиценцирање и општи и административни работи - 1 извршител
2. **СНР101В03004 Соработник за финансиско сметководствени работи,** Одделение за финансиско сметководствени работи и соработка - 1 извршител

**1. Посебни услови за работното место СНР101В03002 - Соработник за лиценцирање и општи и административни работи,**

- ниво на квалификациите В03 на класификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, правни науки;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- работно искуство од најмалку една година работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски); и
- положен правосуден испит.

**Посебни општи компетенции на средно ниво**:

- решавање на проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување на резултати;
- работење со други / тимска работа;
- стратешка свест; и
- ориентираност кон клиенти / засегнати страни и финансиско управување.

**2. Посебни услови за работното место CHP101B03004 - Соработник за финансиско сметководствени работи**

- ниво на квалификациите B03 на класификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, економски науки;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- работно искуство од најмалку една година работно искуство во струката; и
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Посебни општи компетенции на средно ниво**:

- решавање на проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување на резултати;
- работење со други / тимска работа;
- стратешка свест; и
- ориентираност кон клиенти / засегнати страни и финансиско управување.

**Распоред на работното време**:

Дневното и неделното полно работно време е од 8:30 часот до 16:30 часот, од понеделник до петок.
Основната платата за работното место е во паричен нето износ од 23.397,00 денари.
Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место; и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија. Притоа административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на тековното работно место; и

- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата до архивата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија и до службената електронска адреса на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија contact@sunr.mk. Со назнака "за интерен оглас".

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази
- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ,**
**Премтим Исени**